КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. Димитрие Чуповски бр.26
Поштенски фах:859
1000 Скопје
www.sec.gov.mk

Тел. (02) 3244-670
Факс. (02) 3244-671
e-mail: khv@sec.gov.mk

## СТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 23-07-2013 година го усвои следниот став:

„Издавачите на хартии од вредност кои согласно Законот за трговски друштва (Службен весник бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011 и 70/2013), Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005, бр. 25/2007, бр. 07/2008, бр. 57/2010 и бр. 135/2011 и бр.13/2013) или согласно друг закон, не се во обврска да изготвуваат ревидирани финансиски извештаи не ги исполнуваат ниту општите, ниту посебните услови за задолжителна котација на официјалниот пазар на берзата, бидејќи ревидираните финансиски извештаи претставуваат услов за котација пропишан со Правилата за котација на Македонска Берза АД Скопје.

Имено, согласно член 2 од Правилата за котација, каде се регулирани општите услови за котација, издавачот е должен да има изготвено ревидирани годишни финансиски извештаи за периодот кој е наведен во посебните услови за котирање.

Согласно член 6 од Правилата за котација, каде се регулирани посебните услови за задолжителна котација издавачот е потребно да има ревидирани финансиски извештаи за последните две години.

Се додека еден издавач не ги исполнува општите и посебните услови за котирање на сегментот задолжителна котација предвидени во напредцитираните одредби на Правилата за котација неговите акции не може да бидат внесени на подсегментот задолжителна котација.„

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 08-1425/1
29-07-2013 год.
СКОПЈЕ

**Комисија за хартии од вредност на Република Македонија**
**Претседател**
**М-р. Елизабета Џингаровска**